## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 31, став 3 и член 69 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006) и член 103 став 2 алинеја 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2007 и 90/2009), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

# УПАТСТВО
**за изменување и дополнување на Упатството за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките**
**(„Службен весник на РМ“ бр. 157/2009)**

I. Во Упатството за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 118/2007 и 80/2009), во прилогот Финансиски извештаи, се вршат следниве измени и дополнувања:

1. Во делот „Содржина“, зборот: „Вовед“ се брише, а во делот „напомена“, зборот: „Делот“ се заменува со зборовите: „Белешката 1 -“.

2. Прилогот „Биланс на успех“ и прилогот „Извештај за паричниот тек“ се заменуваат со нови прилози, дадени во прилог на ова упатство.

3. Содржината на прилогот „Белешки кон финансиските извештаи“ се заменува со нова содржина дадена во прилог на ова упатство.

4. Белешките кон финансиските извештаи:

2.1 Кредитен ризик;
3 Адекватност на капиталот;
10 Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики;
12 Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа;
13 Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа;
18 Парични средства и парични еквиваленти;
22 Кредити и побарувања;
23 Вложувања во хартии од вредност;
25 Останати побарувања;
28 Нематеријални средства;
29 Недвижности и опрема;
34 Депозити;
36 Обврски по кредити;
40 Запишан капитал;
42 Потенцијални обврски и потенцијални средства; и
43 Работи во име и за сметка на трети лица/Комисиско работење

се заменуваат со нови коишто се дадени во прилог на ова упатство.

II. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**Бр. 19** **Гувернер**
**23.12.2009 година** **м-р Петар Гошев**
**Скопје**